# Упатство за користење на web апликацијата за физички лица

# СОДРЖИНА

Корисничко упатство за web апликацијата за Физички лица ........................... 3
1. (Прва) Најава ........................................................................................ 3
2. Домашна страна (Мои сметки) .................................................................. 5
3. Трансакциски сметки ............................................................................. 7
4. Депозити и штедење .............................................................................. 9
5. Платежни картички ................................................................................ 9
6. Плаќања ............................................................................................... 10
   6.1. Налог ПП30 и Налог ПП50 ................................................................ 10
   6.2. Режиски трошоци ............................................................................ 12
   6.3. Интерна трансакција ........................................................................ 13
   6.3 Купопродажба на девизи ................................................................... 14

# Корисничко упатство за web апликацијата за Физички лица

## 1. (Прва) Најава

За да почнете со работа преку оваа страна потребно е да се сте пријавен корисник на системот за електроснко банкарство на банката, да имате корисничко име, активационен код и токен.
Отворете интернет пребарувач и внесете ја следната адреса [https://ibank.com.mk/PeregrineRetail](https://ibank.com.mk/PeregrineRetail) (адресата за продукција ќе се измени).




Слика 1

При првата најава корисникот мора да направи активација. Активацијата се прави преку линкот *Активација на корисник.*




Слика 2

Корисниците се пријавуваат за работа со електронско банкарство преку шалтерите на банката. При пријавување од банката добиваат корисничко име, активационен код и токен.
Активацискиот код се користи само при првата најава т.е. при активација на профил и во тој чекор корисникот си внесува произволна лозинка.
За секоја следна најава мора да внесе корисничко име, лозинка и токен.

По успешна најава се отвора првата страна Мои сметки.
На следната слика опишани се основните делови од корисничкиот интерфејс.




Слика 3

На врвот на страната се сместени следните елементи:
**Излез -** копче за излез од апликацијата,
**Помош -** линк за помош, тука можете да најдете соодветен одговор на Вашите прашања
**Макеонски / English –** линк за избор на јазик за работа, со клик на соодветниот линк се менува јазикот на апликацијата без да се одјавувате од апликацијата.

Работењето на страната е организирано преку хоризонталното мени:
**Домашна страна** - основна страна за работа
**Трансакциски сметки** – информации за состојба и промет во период и извештаи поврзани со трансакциските сметки
**Депозити и штедење** - информации за состојба и промет во период за Вашите штедни сметки
**Платежни картички -** нформации за состојба и промет во период за Вашите платежни картички
**Плаќања** - избор на операции за плаќање, налог ПП30 и ПП50, налог за купопродажба на девизи

Со цел да се олесни работата со повеќе сметки и картички кога се наоѓате на некое од јазичињата Трансакциски сметки, Штедни влогови и Платежни картици, во десниот агол на апликацијата преку стрелките горе/доле можете да ги листата сметките соодветно трансакциски, штедни влогови или платежни картички и да ја видите состојбата за сметката.




Слика 4

# 2. Домашна страна (Мои сметки)

Мои сметки е првата страна која се отвора по успешна најава. Нуди преглед на сите Ваши сметки пријавени за работа преку електронско банкарство и основни информации за секоја сметка: состојба и износ и датум на последна промена.




Слика 5

На оваа основна страна се наоѓаат копчиња за навигација кон страната за:

- Промена на лозинка и
- страната за преглед на Курсна листа.

# 3. Трансакциски сметки

Функционалности поврзани со Вашите трансакциски сметки се достапни преку јазичето Трансакциски сметки.




Слика 6

- **Состојба** - по избор на сметка од листата на сметки се отвора страната Сумарни податоци на која се наоѓаат следните информации: Состојба, Дозволено пречекорување, Резервирани средстава, Каматна стапка и последни промени поврзани со сметката како на пример износ и датум на последен прилив, износ и датум на последна плата (слика 7).
- **Промет во период** - прикажани се сите трансакции. Преддефиниран е прегледот за период од еден месец . Преглед на трансакции може да правите за произволен период со избор на *Датум од* и *Датум до* во филтерот (слика 8).
- **Денешни налози** – преку оваа страна го пратите статусот на налозите во банка, приливите и одливите на Вашата сметка за тековниот ден (слика 9).
- **Резервирани средства –** овде се прикаживаат резервациите од дебитни картички, резервации направени од треан налог или резервации од кредит.
- **Извештаи** – преку ова мени може да го печатите или зачувате прегледот од Налози или Промет во период во следниве опции за работа: Експорт во PDF, Експорт во ZIP (PDF) и Експорт во ZIP (Excel).

## Сумарни податоци

**Број на сметка: 530-[illegible]MKD**

*Сопственик на сметка: Rezident FizLice , Опис: Тековни сметки, Датум на отворање: 31.03.1996*

| **Моментална состојба: од датум 17.11.2009** | **31,122.00 MKD** | Статус: **Активен** |
|---|---|---|
| Расположливи средства: | 25,622.00 MKD | 17.11.2009 |
| Дозволен минус: | 5,500.00 MKD | 06.03.2010 |
| Резервирани средства : | 0.00 MKD | 17.11.2009 |

| **Последни промени на сметка:** | **Износ:** | **Датум на промена:** |
|---|---|---|
| Последна промена: | -500.00 MKD | 12.09.2009 |
| Последна плата: | 10.00 MKD | 31.08.2009 |
| Последен прилив: | 14,206.00 MKD | 31.08.2009 |
| Последна камата: | 8.50 MKD | 31.08.2009 |

| **Услови:** | **Вредност:** | **Датум на промена:** |
|---|---|---|
| Каматна стапка: | 0,5% годишно | 30.04.2009 |
| Камата на пречекорување: | 15% месечно | 30.04.2009 |
| Затезна камата: | 19,5% месечно | 30.04.2009 |

Слика 7

## Промет во период

**Број на сметка: 530-5[illegible]MKD**

Од: 17.10.2008; До: 17.11.2009; Износ > 0,00; Смер: Сите Филтер...

| | Датум на валута ▲ | Налогодавач - Налогопримач | Опис | Износ |
|---|---|---|---|---|
| Детали | 12.09.2009 | | Готовинска исплата од трансакциска сметка | - 500.00 MKD |
| Детали | 04.09.2009 | 01/13512.005/ 584.506/ 0.003/ 0.004/ 0.007/ 0.0 | ПЛАТА | 14,206.00 MKD |
| Детали | 02.09.2009 | | Готовинска исплата од трансакциска сметка | - 6,000.00 MKD |
| Детали | 01.09.2009 | | Налог за пренос - Исплата ТР | - 2,706.00 MKD |
| Детали | 01.09.2009 | КАМАТА | Камата - тековна сметка | 8.50 MKD |
| Детали | 31.08.2009 | | Пресметување на месечниот надомест за ТС | - 10.00 MKD |
| Детали | 10.08.2009 | | Пресметување на месечниот надомест за ТС | - 10.00 MKD |
| Детали | 06.08.2009 | | Готовинска исплата од трансакциска сметка | - 3,500.00 MKD |
| Детали | 05.08.2009 | 01/13273.005/ 574.006/ 0.003/ 0.004/ 0.007/ 0.0 | ПЛАТА | 13,707.00 MKD |
| Детали | 04.08.2009 | | Налог за пренос - Исплата ТР | - 2,702.00 MKD |

<< < Страна 1 од 6 > >>

Слика 8




Слика 9

# 4. Депозити и штедење

Преку јазичето Депозити и штедење имате преглед на штедните сметки,орочени и неорочени штедни сметки, во домашна валута и други валути.

- **Состојба** - може да прегледате сумарни податоци за одредена сметка, моменталната состојба, последна промена, статусот на вашата сметка.
- **Промет во период** – преглед на трансакциите за произволен период, одбирате период преку копчето Филтер.




Слика 10

# 5. Платежни картички

Преку јазичето Платежни картички имате преглед на состојбата и прометот во период на вашите платежни картици

- **Состојба** – на оваа страна се наоѓаат следните детали во врска со платежните картички: број на картичка (првите и последните четири цифри), тип на картичка, дозволен лимит, резервирани средства, расположливи средства.
- **Промет во период** – преглед на транксациите на платежната картичка. Преку Филтерот може да бирате период за кој сакате да ги видите трансакциите.




Слика 11

# 6. Плаќања

Преку јазичето **Плаќања** бирате тип на трансакција која сакате да ја направите. Можни се следните видови на плаќања:

**Налог ПП30 -** налог за пренос на средства од Вашата трансакциска сметка кон било која друга трансакциска сметка или сметка од платен промет.

**Налог ПП50 -** налог за јавени приходи, преку овој тип на налог се пратав транскации кон буџетски сметки

**Режиски трошоци** - предефинирани налози за плаќање на режиските трошоци, струја, вода

**Интерна трансакција** – налог за трансфер на средстава помеѓу своите сметки во иста валута.

**Купопродажба на девизи** - префрлување средстав апомеѓу свои сметки во различна валута.




Слика 12

## 6.1. Налог ПП30 и Налог ПП50

Плаќањето преку електронскиот налог ПП30 и ПП50 се прави во три чекори:

- ✓**Чекор 1: Пополнување на налог.** Одберете кој тип на налог сакате да направите и пополнете го налогот, пример слика 9.
- ✓**Чекор 2: Преглед или верификација** на внесените податоци во налогот. Преглед на внесените податоци, доколку внесените податоци се во ред одберете *Потпишување на налог,* во спротивно вратете се чекор назад и корегирајте ги податоците (слика 10).
- ✓**Чекор 3**: **Потпишување и праќање на налог** во банка (слика 11). Ќе ви се појави прозор *Потпишување на налог* во кој треба да внесете OTP и да кликнете на копчето Потпиши.




Слика 13




Слика 14




Слика 15

Налозите може да ги пополнувате од зачуван примерок. Примерок се креира во првиот чекор при пополнување на налог на копчето *Зачувај примерок*.
При пополнување на налог по примерок во првиот чекор го одбирате примерокот со клик на линкот на соодветниот примерок, останатите чекори се исти, чекор на валидација и чекор на потпишување и праќање на налог.

## 6.2. Режиски трошоци

Режиски трожоци се преддефинирани и персонализирани налози за плаќање на Вашите сметки за јавни трошоци. Оваа листа ви е достапна само доколку се пријавите во банката за овој начин на плаќање на јавни трошоци.




Слика 16

Одберете 'Користи налог' од листата на понудени шаблони. Внесете износ, потпишете го налогот и плаќањето е извршено.

## 6.3. Интерна трансакција

Преку ова мени може да префрлате средства помеѓу Вашите сметки во иста валута. Средства може да се префлуваат помеѓу трансакциски сметки и неорочени сметки. Интерните трансакции исто така се вршат во три чекори:

- ✓**Чекор 1: Пополнување на налог**. Одберете (внесете) од која на која сметка ќе правите транксација и внесете износ (слика 17)
- ✓**Чекор 2: Преглед или верификација** на внесените податоци во налогот. Доколку внесените податоци се во ред одберете *Потпишување на налогот,* во спротивно вратете се чекор назад и корегирајте ги податоците (слика 18).
- ✓**Чекор 3**: **Потпишување и праќање на налог во банка** (слика 19). Ќе ви се појави прозор *Потпишување на налог* во кој треба да внесете OTP и да кликнете на копчето Потпиши.




Слика 17




Слика 18




Слика 19

## 6.3 Купопродажба на девизи

Преку оваа опција се врши купување и продажба на девизи односно префрлување на средства помеѓу Вашите сметки во различна валута, од денари во некоја странска валута и обратно.
Едноставно, со избор на сметка од која и сметка кон која сакате да направите трасфер и со внесување на износ креирате барање за купопродажба на девизи.
Во следниот чекор ја добивате пресметката за купопродажбата, доколку се согласувате со курсот и износот го потпишувате и го праќате налогот во банка.




Слика 20


Купопродажба на девизи
1 2 3
КУПОПРОДАЖБА НА ДЕВИЗИ
чекор два од три
Од сметка
530-5000009048-70MKD
На сметка
14-080-0002915.0EUR
Износ за купување:
10.0000 EUR
Курсна листа
61.7698 MKD
Износ за продавање:
617.6980 MKD
Провизија
0.0000 MKD
Поднесување
17.11.2009
Место
Интернет
<< Назад
Потпишување на налогот >>

Слика 21